**ОГЛАС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ**

**НА**

# СПЕЦИЈАЛИСТ ЗА ВИЗУЕЛИЗАЦИИ И ЈАВЕН ИМИЏ

Институтот за економски истражувања и политики “Finance Think” – Скопје е посветен на вработување и соработка со високо-мотивирани, амбициозни и талентирани економисти и професионалци кои се способни да размислуваат креативно за решавање на економските проблеми.

Finance Think бара иновативно лице коешто има развиени вештини и нагласена способност да преточи податоци и истражување во разбирливи пораки за широката публика, преку визуелизации, и да го подигне јавниот имиџ на Finance Think преку нивна унификација и интеграција во мисијата и визијата на Институтот.

**Предвидени задачи (опис на работата) за огласеното работно место**

1. **Визуелизации**
   - Дизајн на графикони, инфографикони, GIF-ови, кратки видеа и сл.
   - Дизајн и редизајн на интернет страница
   - Визуелен маркетинг, што вклучува креативно осмислување и графичка и медиумска изведба на разновидни кампањи
   - Унапредување / унифицирање на визуелниот изглед на постојните публикации на институтот и дизајн на повремени публикации
   - Идентификување и адаптирање на најдобрите практики и алатки за визуелизација на податоци, информации, наоди и резултати и нудење креативни решенија за преточување на сложени и обемни информации во едноставни графички решенија разбирливи за широката публика
   - Континуирано следење на развојот на новите технологии и советување на раководството како истите да се интегрираат во активностите на Институтот
2. **Јавен имиџ**
   - Унапредување на претставувањето на постојните информации и истражувања преку комуникациските алатки (интернет страна, социјални медиуми, појавување на економистите во медиумите и сл.)
   - Унапредување на претставувањето на постојните публикации пред, и нивниот досег до засегнатите страни и јавноста

- Креативни решенија за зголемување на разновидноста и подигнување на досегот на организираните настани од Институтот
- Советување на раководството за модерни решенија и долгорочни потези за унапредување на јавниот имиџ на организацијата

**Потребни вештини**

- Вештини за дизајн, што вклучува користење соодветен софтвер на напредно ниво
- Вештини за користење социјални медиуми
- Разбирање и интерес за економија
- Познавање англиски јазик и напредна компјутерска писменост
- Нагласена креативност и способност за понудување идејни решенија за претставување сложени информации, наоди и резултати во лесно достапна и разбирлива визуелна порака
- Прецизност и запазување детали во работењето
- Способност за справување со повеќе разновидни задачи истовремено
- Навременост и строго почитување рокови

**За предност ќе се смета:**

- Работно искуство во графички дизајн и визуелизација на податоци

Документите кои ги докажуваат горните барања, заедно со **мотивациско писмо** (една страна), да се достават по електронски пат на konkurs@financethink.mk најдоцна до 18 Јули 2016. Во просторот за предмет да се наведе „За оглас – визуелизатор“.

Првичната селекција ќе се спроведе врз основа на доставените апликации. Само избраните кандидати во втор круг ќе бидат повикани на интервју. Апликации без мотивациско писмо ќе бидат дисквалификувани по автоматизам.

Позицијата предвидува ангажман на договор на определено време од една година, со задолжителен платен тест период од 2 месеци.